ЗАПИСНИК

На првата конститутивна седница на Локален Економско Социјален Совет на Општина Битола која се одржи на 15.04.2019 (понеделник) во Салата за состаноци на Општина Битола на трети кат со почеток во 12 ч.

Седницата ја водеше м-р Наташа Петровска, Градоначалник на Општина Битола. Присутни 22 членови на ЛЕСС (прилог список за присуство)

Членовите на ЛЕСС едногласно (22) го усвоија следниот :

Дневен ред

1.Запознавање со значењето и улогата на ЛЕСС Битола
2.Избор на претседавач на ЛЕСС Битола
3.Избор на заменик претседавач на ЛЕСС Битола
4.Избор на секретар на ЛЕСС Битола
5.Разгледување и усвојување на предлог Деловник за работа
6.Планирање на идни активности во рамките на проектот на Меѓународната организација за труд
7.Разно

1.**По првата точка – Запознавање со значењето и улогата на ЛЕСС Битола**
Од страна на Виолета Налевска , советник за економски развој во Општина Битола, и поранешен член на ЛЕСС Битола беше презентирана улогата и значењето на ЛЕСС-от во насока на

2**. По втората точка - Избор на претседавач на ЛЕСС Битола**
Се отвори дискусија по оваа точка. Прв збор зеде **Методија Илиевски** која за преседавач на советот ја предложи Градоначалничката Пертовска со цел да има поголема координираност во функционирањето на ЛЕСС-от и онака тежината е во Општината да ја координира целата работа. На истиот предлог се надоврза и Ратко Христов од ОРМ која ја потенцираше важноста на општината во функционираето на ЛЕСС-от. Потенцира дека на национално ниво акцентот е ставен на МТСП.

Членовите на ЛЕСС едногалсно (22) го прифатија предлогот за преседавач на ЛЕСС Битола да биде избрана Градоначалничката Наташа Петровска

3. **По третата точка - Избор на заменик претседавач на ЛЕСС Битола**
**По предлог на Методија Илиевски** кој ја потенцира важноста на учеството на претставниците од ОРМ во работата на ЛЕСС бидејќи тие се реалниот сектор и дирекно се соочуваат со проблемите на пазарот на трудот и затоа треба да се предложи заменик пресадавач од овој сектор, го предложи Ратко Христов – директор на Сокотаб.

Членовите на ЛЕСС едногалсно (22) го прифатија предлогот за заменик преседавач на ЛЕСС Битола да биде избран претставник од Организацијата на работодавачи на РМ –Ратко Христов.

4. **Точка 4 – Избор на секретар на ЛЕСС**

По предлог на Градоначалничката Наташа Петровска предложи да остане секретарот од минатиот состав со цел да има континуитет во работат и функционирањето на ЛЕСС, тоа е претставничката од општинската администрација во ЛЕСС –м-р Виолета Налевска.

Членовите на ЛЕСС едногалсно (22) го прифатија предлогот  секретар на ЛЕСС да биде избрана претставничката од општинската администрација – м-р Виолета Налевска советник за локален економски развој.

5. **Точка 5 - Разгледување и усвојување на предлог Деловникот за работа на ЛЕСС Битола**

Се отвори дискусија немаше никакви забелешки по што беше даден на гласање.

Членовите на ЛЕСС едногалсно (22) го прифатија предлог деловникот за работа.

6. **Точка 6- Планирање на идни активности во рамките на проектот на Меѓународната организација за труд**

**Виолета Налевска** даде информации за новиот проект на МОТ –Зајакнување на социјалниот дијалог кој ќе се спроведува во наредниот период во 15 –те ЛЕСС-ви во РСМ.

Првата активност е самооценување на ЛЕСС-те сите 15 ќе се оценуваат меѓусебно .

Се состави петчлен тим од следните претставници:

1. Методија  Илиевски замена Иванчо Тошевски
2. Виолета Налевска – секретар ЛЕСС
3. Лидија Буревска – ОРМ
4. Тања Стаматова –КСС
5. Мери Нашоку-  МКЦ

Втората активност е аплицирање за Локални партнерства за вработување (ЛПВ)како алатка за стимулирање на пазарот на трудот на општинско ниво ЛПВ се институционални иновации во кои повеќе засегнати страни од исходите на пазарот на трудот на локално ниво развиваат локални решенија  за нивните конкретни предизвици.Преку ЛПВ, локалните власти, социјалните партнерства, бизнисите,

училиштата и институциите за обука, ЗГ и др.засегнати страни кои се активни во одредена географска област, превземаат комплементарни и меѓусебно поврзани услуги и обврски за остварување на заеднички цели за вработување.
ЛПВ во целните општини го зголемуваат создавањето на работни места на локално ниво, преку поддршка на локални партнерстав за создавање и искористување на економските можности
Преку ЛПВ секој партнер се придружува кон определбата да превземе конкретни мерки што ќе доведат до вработување.

Како водечка субјект ќе се јави Општина Битола во име на ЛЕСС-от а за партнери се предложија : Агенција за вработување- Центар за вработување Битола , ЗГ Младински културен центра, Регионалната стопанска комора Битола.
На предлог на **Ратко Христов** да се контактира со Кромберт и Шуберт дали сакаат да бидат партнери.
**м-р Јешим Сефуловска** од Центарот за вработување Битола ја истакна важноста и интересот на Центарот за вработување да биде дел од ова партнерство и го посочи проектот кој пред неколку години се реализира за обука за ИТ вештини до вработување во кој партнер беше и Општината.

7. **Точка 7 – Разно**

Градоначалничката Петровска побара анализа на досегашното функционирање на ЛЕСС-те кои се 15 во РСМ со цел да се направи споредба и искористата позитивните искуства
Беше заклучено дека тоа ќе се добие со самопроценката на ЛЕСС-те и извештајот кој ќе се изготви после хоризонталните прегледи.
Исто така да се побара од МОТ доколку располагаат со информации за претходните активности на ЛЕСС-те да ги споделат.
**Мери Нашоку од МКЦ** Битола ги прзентираше целите и активностите на проектот „Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата“ поддржан од Меѓународниот центар Олоф Палме од Шведска кој што има за цел поддршка на локалните актери во процесот на зајкнување и развој на Локалниот економско-социјален совет на општина Битола. Во рамките на проектот, во текот на 2019 година ќе се реализира Форум на зедницата со цел да се генерираат идеи и приоритети за работа ЛЕСС Битола со сите зинтересирани страни на локално ниво. Резултатите од форумот ќе се земат во предвид при подготовката на програмата за работа на ЛЕСС битола за 2019. Ќе се реализираат и 2 локални дискусии на актуелни теми поврзани со вработувањето, а постои и можност за размена на искуства преку регионална соработна на оваа тема со Србија, Косово, БиХ и Албанија.

Бр.40- 49/2

ЛЕСС Општина Битола

Записничар
М-р Виолета Налевска

Претседавач
м-р Наташа Петровска